# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РОМСКАТА СОВЕТОДАВНА ГРУПА НА ГРАЃАНИ (Р С Г Г) ОД БЕРОВО ЗА 2009 г.

**Септември 2008**

## Визија на РССГ:

"Берово да биде заедница каде Ромите интегрирани и рамноправни, активно придонесуваат во развојот на градот"

## Мисија:

Ромска Советодавна Група на Граѓани (Р С Г Г) е репрезентативна и оперативна група и ги застапува интересите на Ромската заедница пред локалната администрација и институции и има улога на активен фактор за социјална инклузија на Ромите.

## Области на делување:

- **Редовна комуникација со граѓаните Роми**
- **Идентификација и иницијативи за решавање на локалните проблеми на Ромската заедница**
- **Презентирање и застапување на интересите на Ромската заедница во Берово и околината**

## Приоритети за 2009 г.:

***Подобрување на инфраструктурата***

1. Асфалтирање на вкупно 300 м., поставување канализација во должина од 200 м. и осветлат улиците "23 Август" до "Прохор Пчињски" во Берово.

***Подобрување на комуникацијата и соработката на Ромската заедница со Локалната самоуправа и останатите институции во Берово***

2. Да биде вработен Референт за Ромски прашања во Општина Берово во текот на 2009 г.

***Промоција на Ромската култура во Берово и околината***

3. Обезбедување на хала и простории за организирање на културно уметнички активности за потребите на Ромската заедница во Општина Берово.

## ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ

Во 2009 година, РСГГ од Берово најголем приоритет му дава на еден горлив проблем од областа на инфраструктурното уредување на градот и тоа:
**Дел од улиците "23 Август" до "Прохор Пчињски", на кои во Берово живеат Роми, се делумно неасвалтирани (во должина 300 м.), не е поставена канализација (во должина од 200 м.) и немаат улично осветлување**

Исто така констатирана е потреба од подобрување на комуникацијата и соработката на Ромската заедница со Локалната самоуправа и останатите институции во Берово. Конкретната потреба е:
**Да се подобри комуникацијата и соработката на Ромите во Берово со локалните институции и локалната администрација.**

Во областа на промоцијата на Ромската култура како дел од националното културно богатство на Македонија, РСГГ од Берово ја лоцираше потребата од:
**Обезбедување на услови за промоција на Ромската култура заради нивна полесна интеграција и намалување на предрасудите во Берово.**

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ПО ОБЛАСТИ

***Подобрување на инфраструктурата***

**Цел 1**. Да се постави канализација (200 м.), да се асфалтираат (300 м.) и да се осветлат улиците "23 Август" до "Прохор Пчињски" во 2009 година.

**Задача:** Поставувањето канализација (200 м.), асфалтирањето (300 м.) и осветлувањето на улиците "23 Август" до "Прохор Пчињски" да влезе во годишната програма на Општината за 2009 година.

***Подобрување на информираноста на Ромската заедница***

**Цел 2**. Да се подобри комуникацијата и соработката на Ромите во Берово со локалните институции и локалната администрација.

**Задача:** Да се иницира вработување на Референт за Ромски прашања во Општина Берово во текот на 2009 г..

***Промоција на Ромската култура во Берово и околината***

**Цел 3**. Да се обезбедат услови за промоција на Ромската култура заради нивна полесна интеграција и намалување на предрасудите во Берово.

**Задача:** Да се иницира обезбедување на хала и простории за организирање на културно уметнички активности за потребите на Ромската заедница во Општина Берово во 2009 г.

## АКТИВНОСТИ

За да иницира решавање на инфраструктурните проблеми на дел од Ромската популација во Берово, РСГГ ќе подготви и ќе достави Барање до Советот на Општината да се постави канализација (200 м.), да се асфалтираат (300 м.) и да се осветлат улиците "23 Август" до "Прохор Пчињски" така што овие интервенции ќе влезат во годишната програма на општината за 2009 година.

Подобрувањето на комуникацијата и соработката на Ромите во Берово со локалните институции и локалната администрација РСГГ ќе го постигне така што ќе иницира и ќе достави предлог за вработување на Референт за Ромски прашања во Општина Берово во текот на 2009 г.

За да ја промовира Ромската култура а со тоа и да придонесе за инклузија на Ромите РСГГ на Берово ќе иницира обезбедување на хала и простории за организирање на културно уметнички активности за потребите на Ромската заедница во Општина Берово во 2009 г.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ОБЛАСТИ

***Подобрување на инфраструктурата***

- Донесена одлука на Советот на Општина Берово за поставување канализација во должина од 200 м., асфалтирање во должина 300 м. и осветлување на "23 Август" до "Прохор Пчињски" во тек на 2009 година.
- Асвалтирани улиците "23 Август" до "Прохор Пчињски".
- Поставена канализација на улиците "23 Август" до "Прохор Пчињски".
- Осветлени улиците "23 Август" до "Прохор Пчињски".

***Подобрување на информираноста на Ромската заедница***

- Подобрена комуникацијата и соработката на Ромите во Берово со локалните институции и локалната администрација.
- Вработен Референт за Ромски прашања во Општина Берово во текот на 2009 г.

***Промоција на Ромската култура во Берово и околината***

- Одржана средба со Градоначалникот и претседателот на Советот на Општина Берово.
- Поднесено барање за обезбедување на хала и простории за организирање на културно уметнички активности за потребите на Ромската заедница во Општина Берово во 2009 г.
- Обезбеден простор за промоција на Ромската култура во Берово и околината
- Промовирана Ромската култура и обичаи со што ќе се намалат предрасудите и стереотипите спрема Ромите

## Календар на активности на РСГГ од Виница за 2009 г.

| Активности | месеци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | јануари | февруар | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
| Редовни месечни состаноци на РСГГ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Информативни состаноци со локалната самоуправа | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Информативни состаноци со локални медиуми | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Состаноци со Ромската заедница | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Доставување на Барање до Советот на Општина Берово за поставување канализација во должина од 200 м., асфалтирање во должина 300 м. и осветлување на "23 Август" до "Прохор Пчињски" во тек на 2009 година. | | X | X | | | | | | | | | |
| Иницирање за изработка на технички проект поставување канализација, асфалтирање и осветлување на ул."23 Август" до "Прохор Пчињски" | | | | X | X | | | | | | | |
| Доставување на барање до Советот на Општината за вработување на Референт за Ромски прашања во општината во Берово. | | X | | | | | | | | | | |
| Доставување на барање до Советот на Општината обезбедување на хала и простории за организирање на културно уметнички активности за потребите на Ромската заедница во Општина Берово. | | | | X | | | | | | | | |
| Подготовка на програма за работа на РСГГза 2010 г. | | | | | | | | | X | | | |
| Евалуација на програмата за 2009 г | | | | | | | | | | | | X |